**20211492461**

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 25 и 47 став 1 точка 20 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ И ЗА МЕНУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ БЕЛЕЗИ НА КОВАНИТЕ ПАРИ ВО АПОЕН ОД 2 ДЕНАРИ

1. Со оваа одлука се издаваат ковани пари во апоен од 2 денари со изменети белези.

2. Кованите пари во апоен од 2 денари ги имаат основните белези опишани во Одлуката за издавање и за основните белези на кованите пари во апоен од 2 денари („Службен весник на Република Македонија“ бр. 202/16), со следниве измени:

- Во точката 4 став 1 алинеја 2, зборовите: „РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите: „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, а бројот „2017“ се брише.

3. Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О. бр. 02-15/IX-3/2021
30 јуни 2021 година
Скопје

Гувернер
и претседавач на Советот
на Народната банка на
Република Северна Македонија,
д-р **Анита Ангеловска-Бежоска,** с.р.